International Labour Organization

# Превенција и ублажување на КОВИД-19 на работа

# АКЦИСКА ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА

**Оваа листа за проверка е алатка за раководството за спроведување практични мерки за ублажување на ширењето на пандемијата на КОВИД-19 на работното место. Успешното спроведување на алатката зависи од соработката меѓу работодавачите, надзорниците и работниците за воведување позитивни промени на работното место заради подобрување на одговорот на и подготвеноста за КОВИД-19. Работодавачите треба да ги вклучат комисиите за безбедност и здравје при работа или надлежните претставници за безбедност во процесот.**

## Како да се користи оваа листа за проверка:

- 1. Назначете тим што вклучува претставници од високото раководство, надзорници, работнички претставници и одговорните лица за безбедност и здравје при работа во претпријатието.
- 2. Информирајте и обучете го тимот за чекорите за спроведување на листата за проверка.
- 3. Пополнете ја листата за проверка и запишете ги резултатите од вашата проверка.
- 4. Планирајте, во тимот, каква мерка треба да се преземе, кој треба да ја преземе мерката и кога. Побарајте начин за примена на мерката и, ако е потребно, побарајте совет од раководителот во соодветната област или од работниците.
  - Ако мерката веќе е спроведена или не е потребна, означете Не под заглавјето „Дали предложувате преземање мерка.“
  - Ако сметате дека мерката би била корисна, означете Да.
  - Искористете го просторот под заглавјето Забелешки за да додадете коментари, опишете некоја ситуација или додадете сугестија.
- 5. Повторно разгледајте ги сите ставки во коишто сте означиле Да. Изберете ги ставките што сметате дека се најважни и означете ги како Приоритет[1].
- 6. Веднаш по пополнувањето на листата за проверка, организирајте групна дискусија со тимот за да изготвите сугестии за раководството (Искуството покажува дека овој чекор е од суштинско значење за промовирање позитивни промени).
- 7. Презентирајте му ги резултатите од групната дискусија на раководството за планирање на континуираното спроведување на подобрувањата[2].

Тимот не треба да се колеба да побара појаснувања од надлежните органи за безбедност и здравје при работа, инспекторатите на трудот, националните организации за безбедност или националните професионални здруженија за безбедност и здравје при работа и од организациите на работодавачите и на работниците.

Ова не претставува исцрпна листа на сите потребни мерки. Тимот треба да ги додаде во листата за проверка сите дополнителни ставки што смета дека се соодветни за подобрување на одговорот на КОВИД-19 на работното место. Раководството треба да ги почитува националните законски обврски за воспоставување план за превенција и контрола на КОВИД-19 во своето претпријатие.

[1] Приоритетите треба да се утврдат во согласност со поголемата или помалата веројатност некоја ситуација да влијае врз здравјето на работниците, нејзината сериозност и итност.

[2] Анекс I

**1 Изгответе и објавете изјава за посветеноста и одговорностите на раководството за намалување на ризикот од изложување на вирусот и пренесувањето на КОВИД-19 на работното место во консултации со работничките претставници.**

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки:

**2 Изгответе план за подготвеност и одговор за превенција на КОВИД-19 на работното место, земајќи ги предвид сите работни области и задачи што се вршат од работниците и сите потенцијални извори на изложување.**

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки:

*Во согласност со Упатствата на МОТ за системите за безбедност и здравје при работа од 2001 година (§3.10.3.) аранжманите за превенција, подготвеност и одговор во вонредни состојби треба да се утврдуваат во согласност со големината и природата на дејноста на организацијата. Тие треба да се утврдат во соработка со надворешни служби за вонредни состојби и други тела, кога е тоа применливо, и: да осигурат дека е обезбедено неопходното информирање, внатрешни комуникации и координација за заштита на сите луѓе во случај на вонредна состојба на работното место; да обезбедуваат информации за, и комуникации со, релевантните надлежни органи и месните и националните служби за управување со кризни состојби; да ги разгледаат прашањата за прва помош и медицинска помош, противпожарна заштита и евакуација на сите луѓе од работното место; и да обезбедат релевантни информации и обука за сите членови на организацијата, на сите нивоа, вклучувајќи одржување редовни вежби за превенција, подготвеност и одговор во случај на вонредни состојби.*

**3 Редовно консултирајте ги вашите служби за медицина на трудот, локалните органи за јавно здравје или другите партнери, што може да имаат изготвено информативни материјали за унапредување на спречувањето на ризикот од изложеност на вирусот на работното место и други технички совети.**

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки:

**4 Воспоставете систем на работното место за обезбедување ажурни и веродостојни информации на работниците за развојот на настаните во врска со КОВИД-19, со упатување до информациите што се објавуваат од националните или локалните здравствени власти.**

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки:

**5 Мапирајте ги опасностите на сите операции и опфатете ги сите работни места во претпријатието.**

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки:

**6 Интегрирајте ги безбедноста и здравјето во вашиот план за непредвидени околности и континуитет во работењето и земете ги предвид останатите барања во врска со трудот кога операциите мора да се вршат со редуцирана работна сила.**

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки:

**7 Промовирајте работа на далечина за несуштинските работници за да го минимизирате ширењето на КОВИД-19 на вашето работно место.**

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки:

8 Ако работата на далечина не е можна, воведете работа во смени за да избегнете големи концентрации на работници во објектите.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

9 Изгответе план за тоа што треба да прави ако се идентификува потврден или сомнителен случај на КОВИД-19 на работното место што, меѓу другото, вклучува известување, следење и дезинфекција во согласност со националните упатства.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

10 Во согласност со националните стандарди, проширете го пристапот до платено боледување, надоместоци во случај на болест и родителски отсуства/отсуства за грижа и информирајте ги сите работници.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

11 Воспоставете механизам за следење и оценување на стратегиите и плановите за превенција на КОВИД-19.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

## II. ПРОЦЕНА, УПРАВУВАЊЕ И КОМУНИЦИРАЊЕ НА РИЗИЦИ

12 Проценете го ризикот на потенцијалот за интеракција со работници, изведувачи, клиенти и посетители на работното место и контаминација на работната средина и спроведете мерки (видете Дел III).

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

13 Обучете ги раководството, работниците и нивните претставници за донесените мерки за спречување на ризикот од изложување на вирусот и за тоа како да постапат во случај на инфекција со КОВИД-19. За работниците под висок ризик, обуката треба да вклучува правилна употреба, одржување и фрлање на личната заштитна опрема (ЛЗО).

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

14 Информирајте ги работниците дека секој од нив има право да се оддалечи од некоја работна ситуација што претставува непосредна и сериозна опасност по животот или здравјето, во согласност со националното законодавство и утврдените постапки и веднаш да го информира за тоа својот непосреден претпоставен надзорник.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

15 Помогнете им на работниците за испорака, возачите на камиони и другите транспортни работници да го сведат на минимум директниот контакт со клиентите и осигурете дека се спроведуваат практиките за лична хигиена како миење раце и користење на средства за дезинфекција на рацете. Размислете за обезбедување лична заштитна опрема ако работниците се во непосреден контакт со клиентите.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**16** **Патувањето треба да се избегнува ако не е суштинско. Проценете го ризикот од инфекција со КОВИД-19 кога се планираат службени патувања (за сите фази на патувањето и работните задачи)[3].**

**Дали предложувате мерка?**

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**17** **Одржувајте редовни комуникации со работниците и работничките претставници, вклучително преку интернет или, кога тоа не е можно, телефонски.**

**Дали предложувате мерка?**

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**18** **Помогнете им на работниците да се справат со какви било нови психосоцијални ризици, нови облици на работни аранжмани, и во промовирањето и одржувањето на здрав начин на живот, вклучувајќи исхрана, одмор и спиење, вежбање и социјални контакти со пријателите и семејството.**

**Дали предложувате мерка?**

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

## III. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ

**19** **Организирајте ја работата на начин што ќе овозможи физичко дистанцирање од најмалку 2 метри (6 стапки) од останатите луѓе и на друго растојание што е пропишано од релевантниот надлежен орган.**

**Дали предложувате мерка?**

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**20** **Избегнете состаноци лице в лице, давајќи им предност на телефонските повици, комуникацијата преку електронска пошта или виртуелните состаноци. Ако треба да организирате состаноци, организирајте го просторот за да овозможите физичко дистанцирање.**

**Дали предложувате мерка?**

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**21** **Обезбедете им на вработените, клиентите и посетителите доволно и лесно достапни места каде што може да ги измијат рацете со сапун и вода, да извршат дезинфекција на рацете со средства за дезинфекција и, дополнително, промовирајте култура на миење на рацете.**

**Дали предложувате мерка?**

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**22** **Поставете диспензери со дезинфектант за раце на истакнати локации во работното место и осигурете се дека овие диспензери се полнат редовно.**

**Дали предложувате мерка?**

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**23** **Промовирајте култура на редовно бришење на работните маси и работните станици, рачките на вратите, телефоните, тастатурите и работните предмети со дезинфектант и вршење редовна дезинфекција на заедничките површини, вклучувајќи ги просториите за одмор. Површините што се допираат често треба да се чистат почесто. Во зависност од работата, размислете за ангажирање служби за чистење и дезинфекција.**

**Дали предложувате мерка?**

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

[3] За повеќе информации видете: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/travel-advice

**24** Подобрете ја одводната вентилација и обезбедете поголема циркулација и довод на чист воздух во просториите и операциите со висок ризик од изложеност на вирусот.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**25** Промовирајте и информирајте за добра респираторна хигиена на работно место, како што е покривањето на устата и носот со марамче или со лактот при кашлање или кивање.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**26** Осигурете социјално дистанцирање на работното место и избегнување на „места на собирање“[4] колку што е можно.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**27** Обезбедете соодветни заштитни маски за лице и достапни хартиени марамчиња на работните места за користење од страна на лицата што им тече носот или кашлаат, заедно со затворени канти за нивно хигиенско фрлање.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

## IV. УРЕДУВАЊА ЗА СОМНИТЕЛНИ И ПОТВРДЕНИ СЛУЧАИ НА КОВИД-19

**28** Во согласност со упатствата од локалните власти, охрабрете ги вашите работници што се сомневаат дека имаат симптоми на КОВИД-19 да не доаѓаат на работа и да ги следат упатствата од локалните власти.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**29** Советувајте ги работниците да се јават на својот давател на услуги за здравствена заштита или на локалната единица за јавно здравје ако имаат сериозно нарушување на здравјето што вклучува отежнато дишење, давајќи им детални податоци за своите неодамнешни патувања и за симптомите.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

**30** Предвидете и организирајте изолација на кое било лице што ќе појави симптоми на КОВИД-19 на работното место додека чека на превоз до соодветната здравствена установа. Организирајте дезинфекција на работното место и здравствен надзор врз лицата што биле во блиски контакти со такво лице.

Дали предложувате мерка?

НЕ ☐ ДА ☐ ПРИОРИТЕТ ☐

Забелешки

4 Места каде што луѓето се сретнуваат и собираат, како, на пример, кафетерии.

# АНЕКС I

## АКЦИСКИ ПЛАН И ОБРАЗЕЦ ЗА ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

### 1. Акциско планирање

**Одделение/Оддел/Операција:**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Датум:** ________________

**Група:** ________________

**Техничка област:**

☐ Политика, планирање и организација

☐ Процена, управување и комуницирање на ризици

☐ Мерки за спречување и ублажување

☐ Уредувања за сомнителни и потврдени случаи на КОВИД-19

☐ Друго ___________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Опис на очекуваното подобрување**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Локација**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Опис**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Приближен датум на завршување**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

• **Треба да се користат засебни листови за подобрувањата во различните технички области.**

## 2. Последователни активности: (Информации за извршените подобрувања)

**Датум:** ________________________________________

**Група:** ________________________________________

**Одделение/Оддел/Операција** ________________________________________

**Назив на подобрувањето што е извршено/во тек:**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Техничка област:**

☐ Политика, планирање и организација

☐ Процена, управување и комуницирање на ризици

☐ Мерки за спречување и ублажување

☐ Уредувања за сомнителни и потврдени случаи на КОВИД-19

☐ Друго ____________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Датум на спроведување на подобрувањето:**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

**Име на одговорното лице/-а:**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

**Потребно време за завршување на подобрувањето:** ___________

**Вештини и техники неопходни за спроведувањето:**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

**Можности за подобрување:**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

**Аргументи за спроведување на подобрувањето:**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

**Потребна поддршка за спроведување на подобрувањето (вклучително од органите за БЗР):**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________